# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| Службен гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 25 Јануари . 2011 год. Скопје Бр. 1 Год. VI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. **Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2011 година..............................стр. 2**
2. **Одлука за долгорочно задолжување кај Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги………………..стр. 4**
3. **Одлука за доделување на награда за најубаво украсена украсена куќа, двор и тераса по повод новата 2011 година....................................................................стр. 6**


**Скопје, Јануари 2011 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2011 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесетичетвртата Седница на Советот, одржана на ден 24.01.2011 година.

**Број 08-178/1**
**од 25.01.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 34-тата седница одржана на 24.01.2011 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2011 година**

| Ред. број | **А К Т И В Н О С Т И** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2012 г. до сите Сектори во општинската администрација и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите Сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 10-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансии подготвува поценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 10-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собири со граѓаните по, Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 10-ти до 25-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансии го изготвува Нацрт-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 30-ти Октомври** |
| 8. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Нацрт-буџетот за наредната година | **До 15-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот го претставува Нацрт-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и урбани заедници, медиуми | **До 30-ти Ноември** |
| 10. | Градоначалникот доставува Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 11. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2011 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник на општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 77/3**
**Од 24.01.2011 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за долгорочно задолжување кај Меѓународната Банка за обнова и развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услови**

Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување кај Меѓународната Банка за обнова и развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услови, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетичетвртата Седница на Советот, одржана на ден 24.01.2011 година.

**Број 08-178/2**
**од 25.01.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02) и член 4 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ 62/05 и 88/08), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 34-тата седница одржана на 24.01.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно задолжување кај Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за долгорочно задолжување на Општина Ѓорче Петров кај Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Член 2**

Задолжувањето е со цел да се направи реконструкција на стари и изградба на нови сервисни улици со сите потребни инсталации (подземни и надземни) на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Се одобрува долгорочно задолжување на Општина Ѓорче Петров за реализација на Проект за подобрување на општинските услуги, Потпроекти во стари и изградба на нови сервисни улици со сите потребни инсталации (подземни и надземни) на територијата на Општина Ѓорче Петров во вкупен износ од 80.000.000 МКД, под следните услови:

- каматна стапка шест месечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон;
- грејс период од 3 години;
- рок на отплата 8 години.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров* .

**Број 07-77/4**
**Од 24.01.2011година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров,**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на награда за најубаво украсени куќа, двор и тераса по повод новата 2011 година**

Се објавува Одлуката за доделување на награда за најубаво украсени куќа, двор и тераса по повод новата 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетичетвртата Седница на Советот, одржана на ден 24.01.2011 година.

**Број 08-178/3**
**од 25.01.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.05/06), член 135 алинеа 4 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 34-тата седница одржана на ден 24.01.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување на награда за најубаво украсени куќа, двор и тераса по повод новата 2011 година**

**Член 1**

Се доделува награда за најубаво украсени куќа, двор и тераса по повод новата 2011 година и тоа :

- на Сашка Брблиќ и се доделува парична награда во износ од 5.000,00 денари и пофалница,
- на Вељо Цветановски, му се доделува парична награда во износ од 5.000,00 денари и пофалница, и
- на ЈОУДГ Росица и се доделува парична награда во износ од 5.000,00 денари и пофалница.

**Член 2**

Паричните средства да се уплатат на трансакциони сметки на наградените, а пофалниците да ги врачи Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-77/5**
**Од 24.01.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**